ДОМ НА ЈНА - СКОПЈЕ



# НОБ И РЕВОЛУЦИЈАТА

**ВО ЛИКОВНИТЕ ДЕЛА ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА ЗБРАТИМЕНАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ПРОХОР ПЧИНСКИ“**

ДОМОТ НА ЈНА — СКОПЈЕ И УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ОД КУМАНОВО ПО ПОВОД 70 ГОДИНИ ОД СОЗДАВАЊЕТО НА КПЈ/СКЈ ЈА ОРГАНИЗИРААТ ОВАА ИЗЛОЖБА НА ТЕМА „НОБ И РЕВОЛУЦИЈАТА“ ВО ДЕЛАТА НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ — УЧЕСНИЦИ НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „ПРОХОР ПЧИНСКИ“ ОД КУМАНОВО

Во годините на легендарниот Козјак во манастирот Прохор Пчински каде се удрени темелите на македонската држава на Првото заседание на АСНОМ, петнаесет години работи ликовната колонија „Прохор Пчински“ во организација на збратимените градови Куманово и Врање.

Уште на самиот почеток колонијата тематски се определи за нашата НОБ и Револуција за да во ликовните дела го овековечат славното минато на братските југословенски народи и народности.

Во досегашната работа учествуваа над 200 уметника од сите републики и покраини, створени се над 400 дела од кои над 250 се наоѓаат во збирките на организаторите.

Работата на оваа ликовна манифестација има повеќекратно значење, од една страна зближување на уметниците на братските републики и покраини за овекувечувањето на братството и единството со крв извојувано од југословенските народи и народности, а од друга страна создавање на ликовни вредности од нашето блиско историско минато.

Интересот на уметниците за учество во оваа колонија станува се поголем од причина за потребата од градење на цврста југословенска заедница потврдена преку ликовното дело.

Свесни сме дека секој нов настап на оваа манифестација ќе донесе нови имиња уметници со свежи и нови идеи за уште поголемо збогатување на ликовното дело а со тоа и на ликовниот живот во нашата земја.

Постигнатите резултати не обврзуваат понатаму да вложуваме поголеми напори за нејзината афирмација, доизградување и зголемување интерес на поголем број ликовни творци кои ќе ја овековечат уште повеќе нашата славна историја.

ОД ОРГАНИЗАТОРИТЕ
НА ИЗЛОЖБАТА

**ПО ПОВОД 70 ГОДИНИ КПЈ — СКЈ ДОМОТ НА ЈНА — СКОПЈЕ И УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ОД КУМАНОВО ВЕ ПОКАНУВААТ НА ЛИКОВНАТА ИЗЛОЖБА**

# НОБ
# И
# РЕВОЛУЦИЈАТА

**Изложбата ќе биде отворена на 20. 04. 1989 година во 17,30 часот**



